Бр./Nr 12-5928/

15-01-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител без адресни податоци за контакт, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12- 1662/1 од 22.04.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по овој предметен случај, односно повреда на индивидуалното право во постапка за имотно правни односи не се предмет на надлежност.

Предметот со број 12- 1662/1 од 22.04.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 22.04.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12-1662/1 од 22.04.2021 со наводи за незаконско евидентирање на недвижности во ______ __ _______.

Во пријавата подносителот наведува дека в.д раководителот на Одделението за катастар на недвижности ________ на незаконски начин отуѓува, односно евидентира недвижности од едни на други физички лица. Станува збор за имот сопственост на дедото на подносителот, истиот неосновано запишан на друго физичко лице, без за тоа да биде известен вистинскиот сопственик на недвижноста, ниту законските наследници по неговата смрт. Во тек на 2021 година, предметната недвижност од страна на како што е наведено незаконскиот сопственик, со договор за купопродажба била продадена на друго физичко лице. Пријавеното лице незаконски оттуѓило и други две парцели исто така од КО _______, со што истиот постапил спротивно на законските одредби. Подносителот наведува дека има сознанија согласно кои пријавеното лице незаконски ќе оттуѓи и евидентира недвижен имот во нејзина сопственост.

ДКСК констатира дека согласно законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Дополнително со оглед на фактот дека наводите во пријавата упатуваат на повреда на индивидуалното право во постапка за имотно правни односи кои не се предмет на нејзинино надлежно постапување и за кои државната комисија нема обврска ниту е во можност да се произнесува.

Со оглед на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставена до:
-Подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: Г.Т.,член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Биљана Ивановска